Бр./Nr 12-2791/2
19-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2791/1 од 28.10.2024 година, со наводи во врска со објавен јавен оглас за именување на членови на -----------------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2791/1 од 28.10.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 28.10.2024 година, поднесена е пријава во врска со објавен јавен оглас за членови на -------------------------- и оформен е предмет број 12-2791/1 од 28.10.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека бил објавен јавен оглас за именување на членови во ---------- и дека постапката за избор сè уште била во тек. Имено, подносителот наведува дека двајца членови ќе бидат именувани по предлог од политичката партија -----------, двајца членови од политичката партија -------------- и еден член од политичката партија --------------.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.
Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана релевантната законската регулатива при што е констатирано дека согласно член 15 став 1 од Законот за ---------------- („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/2024) -------------- се состои од пет члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Согласно став 2 од истиот член од Законот, за именување на членовите на Комисијата се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Дополнително, во член 16 од Законот се уредени условите за именување на членови на -------------.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување. Имено, ДКСК нема надлежност да ги следи тековните јавни огласи, а од друга страна во пријавата не се изнесуваат наводи за неисполнување на услови од предложените лица, ниту за неправилности во самата постапка, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk